Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број:_08-382/3________
08.08.2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-382 од 19.07.2022 година, поднесена од [redacted] против ООУ „ПАНКО БРАШНАРОВ" - Велес, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 08.08.2022 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката со бр. 08-382 од 19.07.2022 година, поднесена од [redacted] - Велес против ООУ „ПАНКО БРАШНАРОВ" - Велес **поради неуредност.**

### Образложение

На 19.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторена дискриминација [redacted] од Велес против ООУ „ПАНКО БРАШНАРОВ" од Велес.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 26.07.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката со бр. 08-382/2. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе го наведе основот по кој е извршената дискриминацијата против кого ја поднесува претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]